З А П И С Н И К бр. 4

Од четвртата седница на Локалното собрание на млади на Општина Гевгелија, одржана на 16 јуни 2023 година, во Салата за одржување седници на Совет на Општина Гевгелија, со почеток во 13:00 часот.

На седницата присуствуваа: Зоран Кундурџиев и Петја Спасовска од Средношколска заедница на СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија, Благоја Панов од РЦОР- Гевгелија, Бруно Алчинов од „Аптиксон“- Гевгелија, Ѓорге Костаќев и Александар Ристовски од „Мултус“- Гевгелија, Магдалена Атанасова од Социјалдемократска младина на Македонија- ОО СДСМ Гевгелија, Ангела Шаренкова од „Мултимедија“- Гевгелија, Мартин Илиев од Црвена младина- Левица Гевгелија, Марија Јовановска од ОО Црвен крст Гевгелија и Петар Шарков од Унија на млади сили- ВМРО – ДМНЕ Гевгелија.

Седницата ја отвори претседавачот на ЛСМ, Ангела Шаренкова и откако констатираше дека на седницата се присутни мозинство членови и утврди дека има кворум за работа, го предложи следниот

**Д Н Е В Е Н Р Е Д:**

1. Избор на записничар;
2. Усвојување на записник од третата седница на Локалното собрание на млади;
3. Предлог-Решение за разрешување членови на Локалното собрание на млади;
4. Предлог-Решение за именување членови на Локалното собрание на млади;
5. Предлог-Одлука за измена и дополнување на Деловникот за работа на Локалното собрание на млади;
6. Констатирање оставка на член на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија.
7. Предлог за избор на нов член на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија.
8. Разно.

По отворената расправа за предлог- дневниот ред, бидејќи никој не се јави за збор, се избра за записничар службеникот за млади, Петар Јанчев.

По втората точка, записникот од третата седница на ЛСМ беше ставен на гласање и без забелешки усвоен од сите присутни.

По третата точка, претседателката ги достави на разгледување депонираните оставки на делегатите и заменик- делегатите: Милчо Јованов од Средношколската заедница на СОУ „Ј. Јосифовски“- Гевгелија, Марија Јовановска од ОО Црвен крст Гевгелија, Надја Шопова од „Мултимедија“, Надица Несторова и Дејан Марков од Социјалдемократска младина на Македонија- ОО СДСМ Гевгелија и отвори расправа по истите. Бидејќи никој не се јави за збор, со мнозинство гласови, наведените членови беа разрешени.

Исто така, со мнозинство гласови по разгледување на предлог-номинациите и нивните биографија, како и излагањата на новите членови и без никакви дискусии по истите од страна на останатите членови: Петја Спасовска и Зоран Кундурџиев од Средношколска заедница на СОУ „Ј. Јосифовски“- Гевгелија, Весна Димиќ од Клуб на

млади од ОО Црвен крст Гевгелија, Марија Јовановска од „Мултимедија“- Гевгелија, Невена Мендизова и Магдалена Атанасова од Социјалдемократска младина на Македонија- ОО СДСМ Гевгелија, беа именувани за нови членови во Локалното собрание на млади во Општина Гевгелија.

ЛМС едногласно донесе одлука за измена и дополнување на Деловникот за работа на Локалното собрание на млади на Општина Гевгелија со додавање на нов член по член 10, односно 10-а кој гласи: „Во случај да престане мандат на член на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија по кој било основ, формата на младинско здружување има право да поднесе нов предлог кој ќе биде констатиран на седницата на ЛСМ.

Доколку, формата на младинско здружување не достави предлог, нов член на ЛМС на ОГ ќе се избере од редот на членовите на ЛМС од формите на здружување кои не се застапени во ЛМС и предлогот ќе го достави на верификација од страна на Советот на Општина Гевгелија.

По однос на 6 точка, членовите ја констатираа оставката на Атанас Епов, член на Локален младински совет на Општина Гевгелија, номиниран од Атлетскиот клуб „7 Ноември“- Гевгелија и донесоа заклучок ЛМС да поднесе предлог до Советот на Општина Гевгелија за разрешување на Епов од член на ЛМС.

Бидејќи, АК „7 Ноември“- Гевгелија на барање од службенкот за млади не достави нова номинација, ЛСМ продолжи со постапување по изменетиот Деловник за работа. Претседателката отвори дискусија по 7 точка од дневниот ред. Самоиницијативно за членови се предложија Марија Јовановска од „Мултимедија“- Гевгелија и Зоран Кундурџиев од Средношколска заедница на СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија. Потоа, се премина на тајно гласање. По пребројувањето на гласачките ливчина, Марија Јовановска, со 4 гласа за беше избрана како нов-предлог член на ЛСМ, за што беше донесен заклучот, предлогот за верификација на мандат да биде доставен до Советот на Општина Гевгелија.

По однос на 8 точка, немаше дискусија, а претседателката Шаренкова ја затвори 4. седница на ЛСМ на ОГ.

бр. 08-1009/4
18.12.2023 г.
Гевгелија

записничар,
**Петар Јанчев**

с.р.

претседавач
**Ангела Шаренкова**

с.р.